# ОБРАБОТКА НА ЛЕКТИРА ,,ПИНОКИО"



1. Автор на книгата е
2. Главниот лик во книгата се вика  и тој е

**а)** играчка што свири **б)** шиена кукла **в)** дрвена кукла

3. Како се викал мајсторот дрводелец кај кого плачело парчето дрво?

а) Симон б) Луиџи в) Антонио

4. Кој го зема парчето дрво од работилницата на дрводелецот и за што сака да го искористи?



5. Опиши го изгледот на Пинокио.

6. Кој прв го советува и подучува непослушниот Пинокио во куќата на Џепето?

**а)** добрата самовила **б)** мачорот и лисицата **в)** Штурецот – проповедник

7. Зошто Џепето му направил нови стапала на Пинокио? Што се случило?

8. Особини на главниот лик. Каков бил Пинокио на почетокот на приказната? Заокружи.

наивен вреден тврдоглав послушен лажлив искрен мрзелив непослушен

LIVEWORKSHEETS

9. Што направил Џепето за да му купи Буквар за во училиште на својот син Пинокио

а) ги продал своите чевли б) позајмил пари од соседот в) го продал своето палто

10. Опиши го кукларот Голтнипламен и објасни во кои ситуации тој кивал?

11. Зошто Пинокио мисли дека се добри и љубезни новите другари Мачорот и Лисицата?

12. Кој го спасил Пинокио откако разбојниците го обесиле на дрво?

13. Што му се случувало на Пинокио кога лажел?



14. Што му ветува добрата самовила на Пинокио ако биде послушен и добар?



15. Опиши го селото на мрзливците. Зошто го нарекувале така? Објасни.

16. Во селото на мрзливците се случило нешто чудно... Пинокио се претворил во:

а) коњ б) магаре в) бик

17. Кит го голта Пинокио и таму тој се сретнува со неговиот татко.

Како успеале да се спасат од китот и кој им помогнал да стигнат безбедно до брегот?



18. Пинокио станува вистинско момче. Опиши како и зошто.

LIVEWORKSHEETS